Број: 11 – 37/3
Датум: 29.01.2024
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година ,Глава II Проектни активности, Точка 9. Финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/2023),) и врз основа на Решението од Советот на Општина Карпош од 37та седница во 4 продолженија , одржани на 15.12.2023, 28.12.2023, 29.12.2023 и 04.01.2024 ( 09-8254/1 од 05.12.2023, 09-8254/212 од 26.12.2023, 09-8254/23 од 29.12.2023, 09-26/1 од 03.01.2024 и 09-26/15 од 04.01.2024 ) Комисијата за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 , објавува

# О Г Л А С
## за финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста детска, социјална и здравствена заштита во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на детската, социјалната и здравствена заштита во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот

**Правни лица**

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот,
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци од денот на доставување
4. Краток опис на активностите од претходната година
5. Портфолио

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните-жители на Општина Карпош
2. Преку проектот да се постигне подобрување на воспитно – згрижувачката дејност во предучилишните установи во Општина Карпош
3. Преку проектот да се даде поддршка и вклучување на деца со попреченост во основните училишта
4. Преку проектот да се подобри на квалитетот на живеење и намалување на осаменоста кај старите лица
5. Преку проектот да се овозможи социјално вклучување на маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават во затворено плико по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2024 година“.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**Општина Карпош**
Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита